# П О К А Н А

**Почитувани,**

Како Здруженија кои активно работат на промоција на областа БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА, ни претставува голема чест и задоволство да Ве поканиме да присуствувате на настанот организиран по повод одбележувањето на Светскиот ден за безбедност и здравје при работа (БЗР), под мотото **,, БЗР ОД МАЛИ НОЗЕ – ЗА ИДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ”**.

На истиот, покрај низата планирани активности за одбележувањето на Светскиот ден на БЗР, ќе се прогласат и добитниците на награди кои се пријавиле и земале учество во еден од двата повика, и тоа:

1. **Повик за избор на најдобар правен субјект во 2023 година**, кој реално и стручно, допринел во сопствениот развој, инвестирајќи / имплементирајќи добри практики за безбедни и здрави работни места, и
2. **Повик за избор на најдобар расказ и песна, чија тема е безбедност и здравје при работа „БЗР од МАЛИ нозе”**, проект одобрен од МОН (бр.12-883/4 од 06.04.2023 г.) и БРО (мислење бр.09-352/2 од 07.03.2023 г.), како настан, за подигање на јавната свест за градење на култура за безбедност и здравје, од најмала училишна возраст кај учениците.

На настанот се поканети и претставници на сите чинители од областа Безбедност и здравје при работа (државни институции, здруженија, фирми, стручни лица).

Настанот ќе се одржи на **ден 26.04.2024** година, со почеток **во 12:00 часот** во Рагуза360 – Rooftop, ул. Св. Кирил и Методиј бр.1/1, Скопје.

Во прилог на поканата Ви ја доставуваме и Агендата за настанот.

**Со почит,**

**Скопје, 15.04.2024 г.**

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА НА ОПШТИНА БИТОЛА, БИТОЛА
ЗДРУЖЕНИЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА „28ми АПРИЛ”, СКОПЈЕ
ЗДРУЖЕНИЕ НА ИНЖЕНЕРИ ЗА ЗАШТИТА „ТУТЕЛА’’, СКОПЈЕ

# А Г Е Н Д А

## 12:00 – Отворање на настанот

1. **Обраќање на претставниците на организаторите**, Здруженијата (ЗЗПРБитола, ЗБР 28 Април, ЗИЗ ТУТЕЛА)

2. **Обраќање на:**

- Министер за труд и социјална политика; Директорка на Државен инспекторат за труд; Национален Координатор на Меѓународна организација на труд (МОТ); Претседателка на Совет за БЗР, Синдикални организации; Организација на работодавачи на Македонија, Македонско здружение за медицина на труд; или нивни претставници (да се потврди),

3. **Прогласување на наградените творби од повикот „БЗР од мали нозе“** (проект одобрен од МОН (бр.12-883/4 од 06.04.2023 г.) и БРО (мислење бр.09-352/2 од 07.03.2023 г.), како настан, за подигање на јавната свест за градење на култура за безбедност и здравје, од најмала училишна возраст кај учениците.)

4. **Прогласување на најдобрите правни субјекти**, кои реално и стручно, допринеле во сопствениот развој, инвестирајќи / имплементирајќи добри практики за безбедни и здрави работни места

5. **Коктел**